Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 37, 15 март 2010 година

март 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *психијатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *дерматовенерологија* на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Високата здраствена школа, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *неврологија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање-предавач (специјалист) за наставната област *анестезиологија* на Факултетот за медицински науки, студиска програма на Високата здраствена школа, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научната област *гинекологија и акушерство* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент/специјалист за научното подрачје *хирургија* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Историја на музиката“ од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет„Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ - СКРИПТА „ИСТОРИЈА НА МУЗИКА“ ОД Д-Р СТЕФАНИЈА ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-31/8, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на својата редовна седница, одржана на 28.1.2010 година, избра рецензенти:

– м-р Валентина Велковска-Трајановска, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип;
– д-р Илчо Јованов, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип;
– д-р Милица Шкариќ, вонреден професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип,

за рецензија на приложениот ракопис за издавање на скрипта **„Историја на музика“ од д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска,** по **предметот Историја на музика 1**, наменет за студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Предметот **Историја на музика** се слуша во I семестар, на одделите: Музичка теорија и педагогија и Вокално-инструментален оддел со неделен фонд на часови од 2+2+2, со 8 кредити, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во нашата земја досега не се издадени книги кои ја обработуваат светската историја на музика редоследно кои би можеле да послужат како учебни помагала по овој предмет. Ракописот претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе можат целосно да ги реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Ракописот, кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по истоимениот предмет - Историја на музика, е напишан на 60 страници. Предметната материја во која е обработена историјата на музиката од нејзините почетоци па сè до XVIII век е систематизирана во шест дела:

1. МУЗИКАТА НА ПРВОБИТНАТА ЗАЕДНИЦА;
2. МУЗИКАТА КАЈ СТАРИТЕ ИСТОЧНИ ЦИВИЛИЗАЦИИ;
3. АНТИЧКА МУЗИЧКА КУЛТУРА;
4. СРЕДНОВЕКОВНА МУЗИКА;
5. МУЗИЧКА РЕНЕСАНСА;
6. МУЗИЧКИ БАРОК.

Првиот дел кој ги опфаќа основните идеи за потеклото на музиката и претпоставките за начините на кои музиката се појавила, практикувала и доживувала е поделен во четири поглавја: 1. Извори за проучување на музиката на првобитните заедници; 2. Магијата и музиката; 3. Појава на повеќегласјето; 4. Инструментариум.

Вториот дел, каде се образложени различните музички култури на старите источни народи, е поделен во: 1. Сумерско-вавилонска музика; 2. Египетска музика; 3. Далечен Исток – кинеска музика; 4. Индиска музика.

Третиот дел темелно и сеопфатно ја презентира античката музичка култура и тоа преку најзначајните елементи: 1. Инструментариум; 2. Форми на старогрчката музика; 3. Основи на старогрчката музичка теорија; 4. Музиката во стариот Рим.

Четвртиот дел од оваа скрипта многу систематизирано, јасно и прегледно ја презентира средновековната музика во четиринаесет поглавја: 1. Старохристијанска музика; 2. Изведувачка пракса и видови на корали; 3. Тропи и секвенци; 4. Средновековна музичка теорија; 5. Развој на нотацијата; 6. Првите форми на повеќегласје-многугласје; 7. Нотрдамска школа и ARS ANTIQUA; 8. Световна музика; 9. Витешката поезија и музика; 10. ARS NOVA во Франција; 11. ARS NOVA во Италија; 12. Фламанска полифонија; 13. Претставници на фламанската полифонија; 14. Инструменталната музика во средниот век.

Во петтиот дел е опишана музичката ренесанса - периодот во кој од една страна се развива повеќегласјето до уметноста на Жоскен де Пре, а од друга страна никнува монументалноста на барокното време, величествениот XVI век, како врв на целиот развој на музичката историја пред барокот. Овој период е образложен во единаесет поглавја: 1. Нови вокални форми во Италија; 2. Фламанци во Италија. Мадригалисти. Венецијанска школа; 3. Римска школа; 4. Франција во XVI век; 5. Германија во XVI век; 6. Англија во XVI век; 7. Инструментална музика во епохата на ренесансата; 8. Музика за лаута; 9. Музика за инструменти со клавиши; 10. Музика за гудачки инструменти; 11. Развојот на музичката теорија.

Шестиот дел го опфаќа преминот од XVI во XVII век и во најголем дел XVII век - време на најзначајниот пресврт во историјата на музиката - музичкиот барок поделен во четиринаесет поглавја: 1. Појава и развиток на операта – операта во Италија; 2. Фирентинска камерата; 3. Животот и творештвото на Клаудио Монтеверди (C. Monteverdi 1567-1643); 4. Операта во Рим; 5. Операта во Венеција; 6. Операта во Неапол; 7. Наполитанска оперска школа; 8. Операта во Франција; 9. Животот и творештвото на Жан Батист Лили (J.Baptiste Lully 1632-1687); 10. Операта во Англија; 11. Операта во Германија - Хамбуршка опера; 12. Развитокот на духовната (црковна) музика - појава на *ораториум - Италија* - Германија - Франција - Англија; 13. Барокна инструментална музика; 14. Претставници на инструменталната музика во XVII век - Италија - Германија - Франција - Англија.

Авторот на овој комплетен, квалитетен и систематизиран хронолошки преглед на историските правци по кои се развива музичката уметност на крајот вклучува и преглед на користената литература, која укажува на одличен избор од стручна музиколошка литература со високо ниво.

Материјалот изнесен во скриптата во целост ги задоволува целите на Наставниот план и програма по предметот Историја на музика 1 и според начинот на кој ја обработува предметната материја ги исполнува сите стандарди за скрипта, поради што им ја препорачуваме на студентите од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. м-р Валентина Велковска-Трајановска, с.р.**
**Доц. д-р Илчо Јованов, с.р.**
**Вон. проф. Милица Шкариќ, с.р.**